РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2092/3
17-12-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција на подносителот ------- ------------ од ---------, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 42-та седница одржано на ден 14.12.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-5849/1 од 31.12.2019 година, доставена до ДКСК од подносителот ------- ----------- од ---------, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за постапување по предметот со број 12-5849 од 2019 година оформен по пријава бр.12-5849/1 од 31.12.2019 година.

Предметот со број 12-5849 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-5849 од 2019 година е оформен по пријава бр.12-5849/1 од 31.12.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на подносителот ------- ------------ од ---------.

Во доставената пријава изнесени се наводи за незадоволство од постапувањето на адвокат и извршител од Велес во врска со судски пресуди донесени од Основен суд Велес во граѓански постапки, а по однос на сумата од извршената пресметка на камата која требало да се плати во постапките како парична оштета, како и наводи за незадоволство од работењето и однесувањето на судии и за злоупотреба на нивната судиска должност при донесување на судските пресуди и решенија.

Во конкретниот случај станува збор за граѓански постапки водени пред Основниот суд во Велес по кои повеќе пати било одлучувано и донесени се пресуди во периодот од 2005 до 2014 година, врз основа на тужби поднесени од страна на поранешни вработени во претпријатието ------- метална индустрија „------------------" во стечај Велес. Тужбите биле поднесувани по разни основи: за поништување на одлука за престанок на работен однос и барање за враќање на работа; за утврдување на стечајна маса и плаќање на придонеси; утврдување на невистинитост на пресметката за намирување на трошоците на стечајната постапка, платите и придонесите на плата на работниците на наведеното претпријатие; за прогласување на извршување за недопуштено. По однос на пресудите од страна на Судот било дадено задолжение за должникот за плаќање на парничните трошоци, кои се однесуваат на награда за застапување на второтужениот од страна на полномошник – адвокат за: застапување на одржаните расправи/рочишта, состав на полномошно и состав на трошковник, а поради тоа што од страна на должникот не било постапено по задолжението на Судот,

доверителите во постапката поднеле барање за извршување до извршител, со кое побарале да се пристапи кон присилна наплата на главниот долг со камата, како и да се надоместат трошоците на извршувањето, со попис, процена, пленидба и продажба на подвижни предмети кои ќе се најдат во куќата на должникот, а средствата добиени од продажбата преку сметката на извршителот да се пренесат на сметката на доверителот во постапката или на неговиот полномошник.

Од страна на подносителот на пријавата во врска со предметните наводи против наведениот извршител биле поднесени кривични пријави до Основното јавно обвинителство Велес, кое по кривичната пријава донело Решение на ден 28.04.2017 година со кое истата била отфрлена бидејќи пријавеното дело не било кривично дело за кое се гони по службена должност. Во образложението на јавниот обвинител е наведено дека постапувањето на пријавениот како извршител било во рамките на неговите законски овластувања и при донесувањето на решението обвинителството утврдило дека во активностите на извршителот нема законски елементи на пријавеното кривично дело и не ја злоупотребил својата службена положба и овластување како извршител, не прибавил за себе или за друг имотна корист и не нанел штета. По основ на наведеното Решение постапило и Јавното обвинителство на РСМ, по претставка поднесена против Вишото јавно обвинителство во Скопје, при што било утврдено дека од страна на Вишото обвинителство било постапено согласно закон и во рамките на неговите законски овластувања и ингеренции.

При разгледувањето на пријавата, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и констатира дека пријавата се однесува за активности во граѓански постапки водени пред надлежен судски орган за што е поднесена кривична пријава до надлежното основно јавно обвинителство кое постапило по истата и донело конечна јавнообвинителска одлука за отфрлање на кривичната пријава. Исто така ДКСК констатира дека од страна на подносителот на пријавата биле искористени понудените правни лекови во врска со предметниот случај и сите надлежните органи до кои се обратил постапиле во рамките на своите надлежности. Од причина што за овој случај било повеќе пати одлучувано во судски постапки и е постапувано од други надлежни органи (*ОЈО Велес, Више јавно обвинителство Скопје и Јавно Обвинителство на РСМ*), ,Државната комисија нема законска надлежност за постапување во предметниот случај, доставената пријава да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 14 декември 2020 година под бр. 12- 2092/3**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносител

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц, советник
Одобрил : К.Н ,член на ДКСК